С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 13 година XLII** **17 Јули 2006**	Претплата за 2006 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

135.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од МЗ „Трајче Панов“ - Велес

Се прогласува Одлуката за утврдување и спорведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од МЗ „Трајче Панов“ - Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.07.2006 година.

Број 0801-2626/1
17 јули 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.07.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт изменување и дополнување на Деталниот урбанистичкиот план за дел од МЗ „Трајче Панов“ - Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува Нацрт изменувањето и дополнувањето на Деталниот урбанистичкиот план за де од МЗ „Трајче Панов“ Велес.

По утврдувањето на Нацрт - изменување и дополнување на Деталниот урбанистичкиот план за дел од МЗ „Трајче Панов“ Велес ќе се спроведе Јавна презантација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведе со излагање на планот во просториите на општината и МЗ „Трајче Панов“.

Времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведување на Јавната презентација и Јавната анкета ќе биде објавено со соопштение во јавните гласила.

Јавната анкета ке биде во траење од 15 работни дена.

Член 3

За спроведената Јавната анкета и Јавна презентација се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки. Извештајот го изработува стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на одлуката за донесување на Предлог - планот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2609/3
14.07.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

136.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар

Се прогласува Одлуката за давање на користење на недвижна ствар, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.07.2006 година.

Број 0801-2626/2
17 јули 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на користење на недвижна ствар

Член 1

Недвижната ствар - објект со вкупна површина од 2435 м2, на КП 2348 запишан во ИЛ 25825 за КО Велес, имот во сопственост на Општина Велес, се дава на користење на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“ Велес.

Член 2

Правото на користење на недвижната ствар - објект утврден во член 1 на оваа Одлука ОСУ „Јовче Тесличков“ го добива од 01.08.2006 година.

Примопредавањето на објектот на користење ќе се изврши со Комисија составена од членови на ОСУ„Јовче Тесличков“ и Општина Велес формирана од Градоначалникот на Општина Велес.

Член 3

ОСУ„Јовче Тесличков“ за редовна настава и обавување на образовниот процес ќе го користи инвентарот со кој располага.

Воедно ќе го користи и инвентарот кој ќе биде затечен во објектот при извршувањето на примопредавањето.

Член 4

Со денот на добивањето на правото на користење на објектот утврден во член 1 на оваа Одлука, на ОУС„Јовче Тесличков“ му престанува правото на користење на недвижната ствар - објект што го користи.

Член 5

ОСУ„Јовче Тесличков“ е должен пред отпочнувањето со работа во овој објект да го истакне својот наслов на видно место од зградата.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2609/4
14.07.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

137.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за одземање на правото на користење на недвижна ствар

Се прогласува Одлуката за одземање на правото на користење на недвижна ствар, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.07.2006 година.

Број 0801-2626/3
17 јули 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за одземање на правото на користење на недвижна ствар

Член 1

Се одзема правото на користење на недвижната ствар - објект со вкупна површина од 785 м2, на КП 4810 запишан во ИЛ 23410 за КО Велес, имот во сопственост на Општина Велес на Претпријатие во општествена сопственост Кино „11-ти Октомври“ Велес.

Член 2

Одлуката да се достави до ДЗГР - Одделение за премер и катастар Велес за бришење на товарот во лист Г од Имотен лист бр.23410 за КО Велес.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2609/5
14.07.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

138.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на наменско користење на дел од објект

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на наменско користење на дел од објект, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.07.2006 година.

Број 0801-2626/4
17 јули 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за утврдување наменско користење на дел од објект

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за утврдување наменско користење на дел од објект („Службен гласник на Општина Велес„бр.8/05) каде во насловот на Одлуката зборовите „дел од“ се бришат.

Член 2

Во член 1 и 2 зборовите „дел од “ се бришат.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање на времено користење на дел од објект („Службен гласник на Општина Велес“ бр.14/05 и 2/06).

Корисниците кои ги користат просториите од објектот согласно наведената Одлука за давање на времено користење на дел од објект од член 3, став 1 од оваа Одлука, ќе бидат писмено известени за раскинувањето на договорите.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2609/6
14.07.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

139.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за отпис на застарени побрувања и обврски во Буџетот на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за отпис на застарени побарувања и обврски во Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.07.2006 година.

Број 0801-2626/5
17 јули 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за отпис за застарени побарувања и обврски во Буџетот на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши отпис на застарени побарувања и обврски согласно Извештајот за извршениот попис на целокупните побарувања и обврски во Буџетот на Општина Велес бр. 0103-3247/2 од 20.12.2005 година, изготвен од Комисијата за вршење на попис на целокупните побарувања и обврски формирана од Градоначалникот.

Член 2

Извештајот за извршениот попис на целокупните побарувања и обврски во Буџетот на Општина Велес бр. 0103-3247/2 од 20.12.2005 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2609/7
14.07.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

140.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за воспитно образовната работа на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес за 2005/2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за воспитно образовната работа на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес за 2005/2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.07.2006 година.

Број 0801-2626/6
17 јули 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 89-а, став 1, алинеа 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.67/04),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за воспитно-образовната работа на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“ Велес за 2005/2006 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за воспитно-образовната работа на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“ Велес за 2005/2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2609/8
14.07.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

141.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишнит извештај за работата на ООУ „Блаже Конески“ Велес за учебната 2005/2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ „Блаже Конески“ Велес за учебната 2005/2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.07.2006 година.

Број 0801-2626/7
17 јули 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 97, став 1, алинеа 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр.63/04),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишниот извештај за работата на Општинското основно училиште „Блаже Конески“ Велес за учебната 2005/2006 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за работата на Општинското основно училиште „Блаже Конески“ Велес за учебната 2005/2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2609/9
14.07.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

142.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за воспитно образовната работа на ООУ „Трајко Андреев“ Велес за учебната 2005/2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за воспитно образовната работа на ООУ „Трајко Андреев“ Велес за учебната 2005/2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.07.2006 година

Број 0801-2626/8
17 јули 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 97, став 1, алинеа 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр.63/04),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишниот извештај за воспитно-образовната работа на Општинското основно училиште „Трајко Андреев“ Велес за учебната 2005/2006 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за воспитно-образовната работа на Општинското основно училиште „Трајко Андреев“ Велес за учебната 2005/2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2609/10
14.07.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

143.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за наставно-воспитната работа на ООУ „Васил Главинов“ Велес за 2005/2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за наставно-воспитната работа на ООУ „Васил Главинов“ Велес за 2005/2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.07.2006 година.

Број 0801-2626/9
17 јули 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 97, став 1, алинеа 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр.63/04),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишниот извештај за наставно-воспитната работа на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес за 2005/2006 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за наставно-воспитната работа на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес за 2005/2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2609/11
14.07.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

144.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за наставно-воспитната работа на ООУ „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари за 2005/2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за наставно-воспитната работа на ООУ „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари за 2005/2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.07.2006 година.

Број 0801-2626/10
17 јули 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 97, став 1, алинеа 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр.63/04),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишниот извештај за наставно-воспитната работа на Општинското основно училиште „Рајко Жинзифов“ с. Долно Оризари за 2005/2006 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за наставно-воспитната работа на Општинското основно училиште „Рајко Жинзифов“ с.Долно Оризари за 2005/2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2609/12
14.07.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Бр на акт **Страница**

135 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од МЗ „Трајче Панов“ - Велес** 197

О Д Л У К А за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт изменување и дополнување на Деталниот урбанистичкиот план за дел од МЗ „Трајче Панов“ - Велес

136 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар** 198

ОДЛУКА за давање на користење на недвижна ствар

137 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за одземање на правото на користење на недвижна ствар** 198

О Д Л У К А за одземање на правото на користење на недвижна ствар

138 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на наменско користење на дел од објект** 199

О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за утврдување наменско користење на дел од објект

139 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за отпис на застарени побрувања и обврски во Буџетот на Општина Велес** 200

О Д Л У К А за отпис за застарени побарувања и обврски во Буџетот на Општина Велес

140 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за воспитно образовната работа на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес за 2005/2006 година** 200

З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за воспитно-образовната работа на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“ Велес за 2005/2006 година

141 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишнит извештај за работата на ООУ „Блаже Конески“ Велес за учебната 2005/2006 година**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишниот извештај за работата на Општинското основно училиште „Блаже Конески“ Велес за учебната 2005/2006 година

Бр на акт **Страница**

142	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за воспитно образовната работа на ООУ „Трајко Андреев“ Велес за учебната 2005/2006 година**	201
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишниот извештај за воспитно-образовната работа на Општинското основно училиште „Трајко Андреев“ Велес за учебната 2005/2006 година	
143	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за наставно-воспитната работа на ООУ „Васил Главинов“ Велес за 2005/2006 година**	202
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишниот извештај за наставно-воспитната работа на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес за 2005/2006 година	
144	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за наставно-воспитната работа на ООУ „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари за 2005/2006 година**	202
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишниот извештај за наставно-воспитната работа на Општинското основно училиште „Рајко Жинзифов“ с. Долно Оризари за 2005/2006 година	

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00